47377



ИНИЦИЈАТИВИ

## Во Музејот на современа уметност







# НЕФОРМАЛНА ПОП-АРТ ПОСТАВКА




Музејот на современа уметност во Скопје (МСУ) отсекогаш покажува дека е отворен не само за ексклузивна презентација на современата ликовна уметност, туку и за сето она што денес ја чини современата култура. Од неодамна, во неофицијалниот изложбен простор - бифето на Музејот на современа уметност во Скопје, е поставена изложба на артефакти од 60-тите и од 70-тите години, односно од времето на почетоците на поп-артот, и тоа во облик на графички дизајн (култни музички, теоретски и лајф списанија) и обвивки на сингл-плочи. Во однос на периодот што го опфаќа, период од 15-тина години, ова не е обемна изложба, туку само егземпларно се изложени клучните моменти кои, барем во графичка (дизајнерска) и во фотографска смисла, го одредувале времето и коишто ја покажуваат насоката на тие тенденции во однос на дизајнот и на музиката.

Од списанијата кои излегувале во 60-тите се застапени музичкото списание *Поп експрес*, стриповите *Панорама* и *Плави вјесник*, а од раните 70-ти можат да се видат примероци од списанијата *Видици* и од македонското "митско" списание *Фокус*.

Култните "синглки" кои претставуваа глобален комерцијален поп-арт производ масовно присутен во нашите домови, се претставени не само поради графичката димензија и решенијата, туку и поради нивната "евергринска", односно музичка трага.

Иницијатори на оваа мини-изложба, проследена со забава во духот на изложеното време, се **Влатко Коробар**, **Лазо Плавевски** и **Зоран Петровски**.

"Доказот за сè уште присутните цитати од поп-артот од 60-тите години се чувствува и денес, присутен е во сите домени на уметноста, од творештвото, поп-музиката, па сè до ликовната уметност", наведува Зоран Петровски, директор на МСУ, и продолжува дека "и во политички контекст, либерализмот од 60-тите и денес го истакнуваме како битен и влијателен во развојот на денешното општество".

Овој настан (забавата) и изложените списанија и "синглки", како што вели Петровски, "имаат, условно кажано, археолошки димензии, бидејќи се прекопуваше по таваните и по подрумите или по домашните архиви, и овие луѓе кои се генерациски поврзани и кои беа присутни на настанот, сами ги донесоа и ги изложија - како доказ за една култура која е сè уште жива и присутна меѓу нас".

Оваа навидум ентузијастичка акција, според реакциите не само на сведоците на ова време, дава насоки и мотив за продолжување, со напомена дека е потребна поширока поддршка и уште поголем ентузијазам на заинтересираните. Заклучокот што се извлекува по доживувањето на оваа скромна изложба посветена на поп-артот од 60-тите, покажува дека овој терен е навистина погоден за истражување и дека може да се дополнува и со други сегменти од современиот уметнички израз (фотографијата, облеката, технонаправите, како грамофони, магнетофони, транзистори, па дури и со решенијата за индустриски дизајн).

**А. ТЕМКОВ**




Митскиот 47 број на *Фокус* од 13.12.1971 г. на чијашто корица под црната "цензурна" боја треба да стои фотомонтажа на фотографијата од споменикот на ослободителите на Скопје свртена "против" Це-Ка.